**Извештај за донираните средства од еднодневните тренинзи на 100%Успех**

**Агенцијата за комуникација Ксантика** од веќе одржаните дво-дневни тренинзи 100% Успех на 13 и 14 Мај, донираше 5% од влезниците во невладината организација ‘’Хуманост’’. Искра Донева самоиницијативно имаше желба, интерес и потреба да присуствува на тренингот и тоа и беше бесплатно овозможено.

. На самиот тренинг Агенцијата Ксантика и Хуманост се запознаа со **животната приказна на Искра Донева.** Веднаш ја почувствувавме нејзината позитивност и желба за успех. Тоа беше доволно за да одлучиме да и помогнеме со средства за потребна физикална терапија, и секако се надеваме дека заедно со вас ќе допринесеме во остварувањето на нејзината цел, собирање на средства за трансплантација на матични клетки во Москва.

Безрезервна поддршка само од најблиските не е доволна и за таа цел Ксантика и Хуманост излегоа во пресрет на Искра и на нејзино барање, **со донираните 5% од влезниците односно 6.000,00 денари обезбедија 10 дневна физикална терапија на Искра од физиотерапевт.**

**Ние од овде одиме понатаму и,**

**Поддршката за Искра продолжува!**

Донираните средства од следните еднодневни тренинзи кои ќе ги организира Ксантика ќе бидат пренаменети за Искра со цел да се подобри нејзината здравствената ситуација за која и е неопходна трансплантација на матични клетки.

За неколку етапниот третман во Москва вкупно се потребни околу **62.000 евра** + патни трошоци за неа и нејзиниот придружник.

Искрено се надеваме дека ќе наидеме на поддршка и разбирање од многумина и уште еднаш ќе потврдиме дека:

**" Успехот нема врска со она што го добиваме или го постигнуваме во животот за себе. Успех е она што го правиме за другите. "**
Дени Томас

**" Ако не си ја почувствувал често радоста на правењето добро дело, тогаш си запоставил многу, а најмногу од сé себе си. "**
А. Нилен

**Покажете ја вашата хуманост и освестете го моментот дека повредно е да се допре човечки живот од било која сума на пари!**

**ДА УЧЕСТВУВАМЕ НА ТРЕНИНЗИТЕ НА КСАНТИКА -ДА И ПОМОГНЕМЕ НА ИСКРА !!!**

**Opera - [Хуманитарна акција за Искра Донева / Humanitarian action for Iskra Doneva]**